Центар за истражување и анализи НОВУС

dm

# Извештај

## за резултати од евалуација за едукативни работилници за менструално здравје



Евалуацијата ги опфаќа спроведените интерактивни работилници за средношколки во Југоисточниот плански регион, кои се фокусираа на едукација за менструалниот циклус, менструалната хигиена и правилна употреба на производи.

2025

# Вовед

Проектот **„Циклус на грижа: Поддршка за женското здравје“** е насочен кон подобрување на знаењата и свесноста за менструалното здравје и хигиена кај младите во средните училишта во Југоисточниот плански регион. Активностите вклучуваа едукативни работилници, обуки за ученици и наставници, како и активности за рушење на стигмата поврзана со менструацијата. **Проектот е финансиран од DM Drogerie Markt.**

# Методологија на евалуација

Евалуацијата се базираше на:

- Анкети со учесници пред и по спроведување на активностите.
- Интервјуа со ученици, наставници и обучувачи.
- Набљудување на работилниците.
- Квалитативна анализа на собраните податоци.

# Клучни Резултати

Евалуацијата ги опфаќа спроведените интерактивни работилници за средношколки во Југоисточниот плански регион, кои се фокусираа на едукација за менструалниот циклус, менструалната хигиена и правилна употреба на производи. Дополнително, работилниците работеа на рушење на стигмата и табуата поврзани со менструацијата преку дискусии и практични активности.

Од вкупно посетени **7** срени училишта со вкупно **190** ученици кои присуствуваа на Едукативните работилници **98** го одговорија евалуацискиот прашалник:

Поделени по училишта се :

- СОУ "Богданци"-Богданци - од вкупно **30** ученици **21** одговориле
- СОУ "Гоце Делчев'"-Валандово - од вкупно **23** ученици одговориле само **8**
- СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија - од вкупно **29** ученици одговориле само **22**
- СОУ"Коста Сусинов"-Радовиш - од вкупно **18** ученици одговориле само **12**
- СОУ "Јане Сандански "- Струмица - од вкупно **30** ученици одговориле само **21**
- СОУ "Никола Карев"- Струмица- од вкупно **36** ученици одговориле само **7**
- СОУ " Димитар Влахов" - Струмица - од вкупно **24** ученици одговориле само **7**



1.На прашањето ***Тој/Таа е добар комуникатор*** одгвориле вкупно 97 ученички од кои:

- 81 дале оценка 5
- 12 дале оценка 4
- 2 дале оценка 3
- 2 дале оценка 2




- 0 дале оценка 1

2.На прашањето ***Тој/Таа е добро организиран/а*** одговриле вкупно 98 ученички,од кои:

- 79 дале оценка 5
- 12 дале оценка 4
- 7 дале оценка 3
- 0 дале оценка 2

- 0 дале оценка 1




3.На прашањето ***Тој/Таа демонстрира знаење во поглед на темата,*** одговориле вкупно 98 ученички,од кои :

- 82 дале оценка 5
- 10 дале оценка 4
- 5 дале оценка 3
- 1 дал оценка 2
- 0 дале оценка 1




4.На прашањето ***Тој/Таа ја поврзува содржината со искуствата на учениците,*** одговориле вкупно 97 ученички,од кои:

- 78 дале оценка 5

- 17 дале оценка 4
- 2 дале оценка 3
- 0  дале оценка 2
- 0 дале оценка 1




5.На прашањето ***Содржината беше применлива во мојот живот,***одговориле вкупно 98 ученички,од кои:

- 69 дале оценка 5
- 17 дале оценка 4
- 8 дале оценка 3
- 3 дале оценка 2
- 1 дала оценка 1




6.На прашањеро ***Содржината беше пренесена  преку активности кои ги вклучија учесниците*** одговориле вкупно 98 ученички,од кои:

- 62 дале оценка 5
- 19 дале оценка 4

- 13 дале оценка 3
- 2 дале оценка 2
- 2 дале оценка 1




7.На прашањето ***Времето и динамиката посветени на секоја компонента беше добро избалансирана,***одговориле вкупно 98 ученички,од кои:

- 76 дале оценка 5
- 12 дале оценка 4
- 9 дале оценка 3
- 0 дале оценка 2
- 1 дала оценка 1




8. На прашањето ***Работилницата беше добро структуирана и лесна за следење,***одговориле вкупно 98 ученички,од кои:

- 84 дале оценка 5
- 7 дале оценка 4

- 5 дале оценка 3
- 1 дала оценка 2
- 1 дала оценка 1




9.На прашањето ***Кои препораки ги имате за подобрување на едукативните работилници*** одговориле 25 ученички,од кои:

- 7 одговориле дека немат препораки
- 15 одговориле дека било супер
- 3 одговриле дека треба и момчињата да се вклучуваат во такви едукативни работилници




10.На прашањето ***Има ли нешто друго во врска со што би сакале да кажете нешто*** одговориле 32 ученички од кои:

- 28 се изјасниле дека немаат други коменрари
- 4 се изјасниле дека се им е јасно

Според Средните Училишта во Југоисточниот плански регион најголем број на ученички кои го одговориле прашалникот се од СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија вкупно 22 ученички,потоа се:

-СОУ "Богданци"-Богданци -21 ученички

-СОУ "Јане Сандански "- Струмица -21 ученички

-СОУ"Коста Сусинов"-Радовиш -12 ученички

-СОУ "Гоце Делчев'"-Валандово -8 ученички

-СОУ "Никола Карев"- Струмица -7 ученички

-СОУ " Димитар Влахов" – Струмица – 7 ученички

- На прашањето ***Тој/Таа е добар комуникатор*** од вкупно 97 кои одговориле, 81 ученичка ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Тој/Таа е добро организиран/а*** од вкупно 98 кои одговориле,79 ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Тој/Таа демонстрира знаење во поглед на темата*** од вкупно 98 кои одговориле ,82 ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Тој/Таа ја поврзува содржината со искуствата на учениците*** од вкупно 97 кои одговориле,78 ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Содржината беше применлива во мојот живот*** од вкупно 98 кои одговориле,69 ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Содржината беше пренесена преку активности кои ги вклучија учесниците*** од вкупно 98 кои одговориле,62 ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Времето и динамиката посветени на секоја компонента беше добро избалансирана*** од вкупно 98 кои одговориле,76 ја дале највисоката оценка 5.
- На прашањето ***Работилницата беше добро структуирана и лесна за следење*** од вкупно 98 кои одговориле,84 ја дале највисоката оценка 5.

# Препораки за идни активности и проширување на иницијативата:

1. **Проширување на географскиот опфат:**
   - Организирање на слични активности во други плански региони во Северна Македонија за да се опфатат поголем број ученици и училишта.
   - Вклучување на рурални средини каде пристапот до информации за менструално здравје е поограничен.
2. **Интеграција на менструалното здравје во наставните програми:**
   - Развивање на наставни модули за менструално здравје и родова сензитивност кои ќе станат дел од предмети како биологија или граѓанско образование.
   - Организирање на обуки за наставниците за соодветно интегрирање на темата во редовната настава.
3. **Креирање на поддржувачка училишна средина:**
   - Обезбедување санитарни производи и подигање на стандардите за хигиенски услови во училишните тоалети.
   - Поставување на дискретни пунктови за бесплатни хигиенски влошки во училиштата.
   - Воведување на анонимни советувачки линии за ученици кои се соочуваат со предизвици поврзани со менструацијата.
4. **Промоција на родова еднаквост:**
   - Организирање на работилници и за машките ученици со цел да се подигне нивната свест за менструалното здравје како дел од разбирањето на родовите прашања.
   - Вклучување на машките наставници и родители во дијалог за рушење на стигмата.
5. **Развивање на долгорочни партнерства:**
   - Соработка со приватниот сектор за обезбедување финансиска и логистичка поддршка за проектите.
   - Партнерства со здравствени и образовни институции за зголемување на досегот на иницијативата.
6. **Кампањи за подигање на јавната свест:**
   - Организирање на национални или локални кампањи кои ја нормализираат дискусијата за менструалното здравје во јавноста.
   - Креирање на дигитална платформа или апликација со едукативни содржини и совети за младите.
7. **Мониторинг и евалуација на импактот:**
   - Воспоставување на механизми за следење и евалуација на резултатите од активностите во реално време.
   - Ангажирање на ученици и наставници како амбасадори за продолжување на иницијативата на локално ниво.
8. **Ширењето на знаењето преку мултипликатори:**
   - Обука на наставници, здравствени работници и граѓански активисти како тренери кои ќе ја ширеат едукацијата во заедниците.
   - Организирање на редовни сесии за размена на искуства и добри практики.
9. **Финансиска поддршка и фондови:**
   - Аплицирање за дополнителни грантови и донации од компании и меѓународни организации за долгорочно финансирање.
   - Воспоставување на специјален фонд за поддршка на проекти поврзани со женското здравје.